# FOREVER

N. MACEDONIA

Ноември 2019 | Број 217










# Не дозволувајте долините да станат премногу длабоки



**Уште една неверојатна средба на Менаџерите ОРЕЛ е во историјата. Исклучително ми беше пријатно да видам толку многу од вас во Далас, собрани за обуки и инспирација што ќе не задржи мотивирани во последните месеци на годината и ќе не подготват за уште поголеми успеси во 2020-та.**

Се надевам дека сите кои за малку не успеавте да станете ОРЛИ оваа година сте го упатиле погледот кон следната средба на Бахамите. И со нетрпение очекувам да ги видам оние кои се квалификувавте и избравте да присуствувавте во Патаја!

Да си ОРЕЛ е пресвртница во вашиот Форевер бизнис, но знам дека не се постигнува лесно. Ако го погледнете вашиот ток на социјалните мрежи и видите толку многу ОРЛИ кои слават и присуствуваат на обуки, се надевам дека си спомнувате дека и тие поминуваат низ врвови и долини во нивната работа исто како вас.

Всушност не мислам дека некогаш ќе настапи момент во кој вашиот бизнис нема да доживува подеми и падови. Важното прашање кое треба да си го поставите е: колку се длабоки долините? Колку се големи препреките пред вашиот бизнис и колку тешко ќе ви биде да се опоравите и да продолжите напред? Колку е подлабока долината, толку е потешко да се искачите одново горе. Ако пак е плитка, ќе ви е далеку полесно да излезете од неа и да се вратите на вашиот пат.

Но како да ги избегнете стапиците и длабоките долини во вашиот  бизнис? Клучот е во балансот. Размислете за четирите клучни фактори за успех – спонзорирање, задржување, развој и продуктивност. Овие принципи ги развивме како рамка за сопствениците на Форевер бизнис кои сакаат да изградат балансиран и долготраен бизнис. Придржувањето кон четирите фактори за успех ви дозволува стабилно да ги развивате клучните аспекти на вашиот бизнис.

Може во некој од месеците бројот на спонзорираните да не е таков, како што сакате. Но ако се фокусирате и врз задржување на постоечките клиенти и соработници или ги насочувате членовите на тимот да се квалификуваат на различни промоции и програми, за да ја поддржат вашата продуктивност, ќе ви биде далеку полесно да се опоравите. Дури и да не вклучите толку нови луѓе колку што сакате, ако продолжувате да се грижите останатите три аспекти да се здрави и витални, можете да си дозволите слободен месец во една област без бизнисот да страда од тоа.

Последователноста е друга клучна состојка за успешно справување со неизбежните подеми и падови, кои животот сигурно ќе ги донесе. Тоа значи да останете доследни во тоа колку труд вложувате во вашиот бизнис, независно дали времињата се одлични или тешки. Да речеме дека имате три последователни месеци со брз раст. Можеби ќе бидете во искушение да запрете и да се опуштите за кратко. Но не се предавајте, туку бидете уште по-последователни. Размислете колку подалеку можете да стигнете, ако само продолжите да вложувате ист труд дури и во периодите на изобилие.

Кога ги комбинирате последователноста со балансот во вашиот бизнис, ќе бидете во позиција да стекнете моментум и да изградите нешто што може да издржи подеми и падови. Ако го направите ова, знам дека можете да станете ОРЕЛ и немам трпение да прославам со вас на нашата средба во 2020-та на крузерот низ Бахамите.

**Продолжувајте да се насмевнувате,**



**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс



# Малку по малку, далеку се стигнува



**Во Форевер имаме голема среќа што поседуваме толку многу убави згради и имоти низ целиот свет. Секогаш сум имал слабост кон природата, архитектурата и историите на местата кои нѝ се особено драги. Кога размислувам кои од нив имаат најголемо значење за мене, секогаш на ум ми доаѓа ранчот Саутфорк.**

Импресивниот имот на семејството Ewing, бујните зелени тревници и идеално уредените дрвја го направија Саутфорк одличен декор за нашата забава на Менаџерите ОРЕЛ. Многумина од вас заедно празнувавте уште едно поглавје од историјата на вашиот успех. Бескрајно се радувам што толку многу од присутните на средбата на Менаџерите ОРЕЛ во Далас имаа можност да посетат неверојатен имот распространет на над 25 илјади хектари.

## СО ИСПОЛНУВАЊЕ НИЗА МАЛИ ЗАДАЧИ СЕКОЈ ДЕН, МОЖЕТЕ ДА ПОДДРЖУВАТЕ НЕШТО ЗАБЕЛЕЖИТЕЛНО

Самиот ранч Саутфорк е исполнет со интересни истории. Во него се одвиваше дејството на култната телевизиска серија „Далас" и за мене секогаш го отелотворувал духот на фармерскиот живот на американскиот запад. Но, една од моите омилени приказни поврзани со Саутфорк, е малку позната и не може да се пофали со блесокот и гламурот на телевизиската носталгија со која имотот е така популарен.

Приказната е за Мануел Родригез, човекот кој е одговорен за поддршката на целиот имот. Тој работи на ранчот од 1967 год., кога беше момче кое ја косеше тревата и се грижеше за цветните леи. Ако сте го посетиле Саутфорк, сигурно сте ги забележале резултите од неговата работа. Тој е насекаде каде ќе погледнете – совршено исечената жива ограда, бујната зелена трева и високите дрва се доказ за тоа што Мануел го прави секој ден.

Но на таква огромна површина за него би било невозможно да заврши сè што е неопходно наеднаш. Еден ден ја кастри живата ограда, следниот ден ја коси тревата или поправа дел од оградата. За Мануел не постои такво нешто како мала задача и правејќи по малку секој ден стана незаменлив дел од ранчот. Калта под ноктите и по рацете е доказ за неговата посветеност да ја одржи убавината и магијата на Саутфорк. Уште поважно е што неговата работа докажува дека ако обавуваш низа мали задачи секој ден, можеш да одржуваш нешто забележително.

Што би станало ако Мануел почне да обавува помалку работи секој ден? Да, на почетокот едвај би се забележало. Но со тек на времето тревниците ќе обраснат. Оградите ќе имаат сè поголема потреба од бојадисување и поправка. Цветовите ќе венеат. На крај на целиот имот би настанал неред и секој обид да му се врати претходната убавина би бил исклучително тешка и долготрајна задача.

Истото важи и за вашиот бизнис. Секој пат кога следите нов кандидат, организирате претставување на можностите или се поврзувате со член на својот тим за да му предложите напатствија, вие исполнувате мала, но суштинска задача која ви помага да зачувате и поддржите нешто убаво – својот бизнис. Ако не правите по нешто мало секој ден, ефектот неминовно ќе се прикраде зад вашиот грб и додека да сетите, ќе имате огромна работа пред вас ако сакате да го извлечете бизнисот од плевелите.

Следниот пат кога ви се чини дека не правите доволно, се надевам дека ќе се сетите за ранчот Саутфорк и Мануел, кој помага за одржувањето на неговата убавина и завет. Никогаш не мислете дека тоа што сте го завршиле во денот е ситно или небитно. Секоја задача што ќе ја завршите е дел од градењето и одржувањето на бизнис кој има сила да го промени вашиот живот и животот на толку многу други луѓе.

**Засекогаш Ваш,**



**Rex Maughan**
Главен извршен директор на ФЛП






# Forever Fiber

Forever Fiber™ обезбедува 5 грама брзо растворливи влакна во удобни индивидуални дози за поддршка на здравата исхрана. Експертите препорачуваат да внесуваме до 30 г растворливи влакна дневно за оптимално здравје и дигестивна функција, но за жал повеќето од нас внесуваат само половина од тоа количество. Денешниот начин на исхрана не ја обезбедува адекватната количина на растворливи влакна. Forever Fiber™е патентирана мешавина од четири нутриенти и е практичен начин да додадете влакна во секојдневниот режим. Можете да ги посипете врз храната, да ги растворите во гел од алое вера или друг пијалок или да ги сипете во вашето шише со вода кога сте во движење.

Иако често ги поврзуваме растворливите влакна само со поддршката на дигестивната функција, тие имаат благотворен ефект за целиот организам. Ако земете Forever Fiber™ помеѓу оброците, може да ви помогне да се чувствувате сити и така да го контролирате апетитот и консумираните калории. Ова е многу важно за оние кои се на програмата за контролирање на телесната тежина, кои користат Forever Fiber™ со здрава исхрана и редовно вежбање. Влакната можат да придонесат и за задржување на шеќерот во крвта во нормални граници и да ја забават апсорпцијата на макронутриентите од храната.Растителните влакна исто така помагаат за намалување на чувството на тромост и ниска енергија по оброците. Научниците денес признаваат дека 70 до 80% од нашиот имунитет е поврзан со дигестивниот систем. Бидејќи растителните влакна несомнено го помагаат дигестивниот систем, тие би можеле да се покажат како корисни и за природната заштита на организмот од напаѓачите. Според истражувањата, растителните влакна ја поддржуваат и кардиоваскуларната функција. Консумацијата на доволни количини растителни влакна го олеснува исфрлањето на отпадни материи од организмот и може да помогне да се олесни повремениот запек. Forever Fiber™ е лесен начин да додадете повеќе влакна во вашата исхрана, бидејќи ви обезбедува 5 грама растворливи влакна во секое пакетче. Тоа е еквивалентно на речиси 1 1/2 чаши кафеав ориз или 2 парчиња интегрален леб, но без јаглехидратите и калориите! Со Forever Fiber™ лесно ќе ја зголемите вашата дневна доза од растителни влакна и ќе го оптимизирате вашето здравје.

## ПРЕПОРАЧАНА УПОТРЕБА

Пијте по едно пакетче Forever Fiber™ на ден. За оптимални резултати, истурете ја содржината во чаша и додадете вода, гел од алое вера или друга течност и темелно измешајте. Можете да го посипете производот и врз храната. Се препорачува Forever Fiber™ да се зема најмалку 30 минути пред или по други додатоци на исхраната, бидејќи влакната се врзуваат со некои хранливи материи и влијаат на нивната апсорпција.




# Како да успеете?

**За време на овие повеќе од 18 години, во кои сме заедно со Форевер, секојдневно сме сведоци на тоа како многу луѓе не успеваат да ги постигнат можностите претставени од маркетинг планот на Форевер поради неколку причини, кои сакаме да ги споделиме со вас.**



На прво место е недостатокот на посветеност и упорност. Тоа се квалитети со кои човек не се раѓа, а можат да бидат усвоени од секој што сака да постигне нешто во животот. И на секој треба да му е јасно дека вашиот бизнис се формира не од случајни дејства од време на време, туку од малите и прости нешта кои ги правите секој ден. Ова значи дека треба да знаете кои точно се тие мали секојдневни дејства кои ќе ве одведат до успех на долгорочен план, ако истраете и не се откажувате. Секој ден по неколку нови луѓе во списокот, секој ден по неколку телефонски јавувања за покани, секој ден една или две средби со нови луѓе, секој ден еден-два контакти со ваши клиенти или соработници. Токму овие мали и прости секојдневни активности ќе ве одведат далеку понапред и нагоре од неколку поголеми кои ќе ги преземате спорадично и без конкретен план.

На второ место е неподготвеноста за постојано усовршување и подобрување на вештините. Тука ќе го цитираме Рекс Мон, кој вели: **„Светот постојано се менува и ти имаш избор или да се менуваш со него, или да останеш во минатото.“** Треба постојано да ги усовршувате вештините и знаењето во индустријата на мрежниот маркетинг. Што читате во моментот поврзано со вашата дејност? На какви обуки учествувате? Како вие ги обучувате луѓето во својот тим?

И на трето, но не последно место, многу луѓе не успеваат да се придвижат напред во нашиот маркетинг план бидејќи самите тие не ги прават работите кои очекуваат од другите да ги прават. Дали сакате секој во вашиот тим да употребува повеќе продукти на компанијата во своето секојдневие? Тогаш вие користете уште повеќе од нив и постојано споделувајте го тоа со тимот. Дали сакате соработниците да имаат список со имиња и постојано да канат нови гости на презентациите за производи и бизнис? Тогаш покажете им го својот список и вие лично водете нови луѓе. Дали сакате луѓето од вашата мрежа да продаваат продукти и да спонзорираат постојано нови клиенти и соработници? Тогаш... е веќе знаете – правете го и вие истото. Сето ова важи и за употребата на нашите продукти за подароци, организирањето на домашни забави, правењето на стартни обуки со ново-спонзорираните соработници со прирачникот „Први чекори до Менаџер“, навиката да сме активни со 4 б., учество на сите настани на фирмата и вашата група, квалификациите за сите награди и промоции и многу други. Никогаш не очекувајте од соработници да прават нешто кое самите вие не сте подготвени да го правите постојано. Најдобрите во овој бизнис се оние кои водат со личен пример, ентузијазам и посветеност.

Ако обрнете внимание на овие три работи и го разберете нивното огромно значење за вашиот успех со Форевер, можностите пред вас ќе бидат безгранични и ќе можете да го живеете животот за кој мечтаете.

Секој може тоа да го направи со Форевер!

**Засекогаш со Вас,**



***Стефан и Тања Стаеви***

# SUCCESS DAY 19.10.2019




























# Заработете викенд во Хотел Изгрев, Струга
## (27-29 март 2020) и обука на 28 март.





**Период на квалификација: ноември 2019 – јануари 2020**

**За Новус клиенти и Асистент Супервизори**

Направете порачки на личен код од **најмалку 1 бод месечно** во периодот на квалификација.

Спонзорирајте и развијте најмалку **3 нови Ас.Супервизори** во периодот ноември- јануари.

За **вкупно 10 бодови** (вашите лични и бодовите од сите нови членови во периодот ноември- јануари), **добивате викенд за 1 лице.** Ако имате **вкупно 15 бодови** (лични и бодовите од сите нови членови во периодот на квалификација) **добивате викенд за 2 лица.**

**За Супервизори и Ас.Менаџери**

Бидете **активни (4 бода)** секој од месеците на квалификација.

Спонзорирајте и развијте **најмалку 3 нови Ас.Супервизори** во периодот ноември- јануари.

За **вкупно 15 бодови** (вашите лични и бодовите од сите нови членови во периодот ноември- јануари), **добивате викенд за 1 лице**. Ако имате **вкупно 20 бодови** (лични и бодовите од сите нови членови во периодот на квалификација) **добивате викенд за 2 лица.**

**За Менаџери**

Бидете **активни (4 бода)** секој од месеците на квалификација.

Спонзорирајте и развијте **најмалку 4 нови Ас.Супервизори** во периодот ноември- јануари.

За **вкупно 20 бодови** (вашите лични и бодовите од сите нови членови во периодот ноември- јануари), **добивате викенд за 1 лице.** Ако имате **вкупно 25 бодови** (лични и бодовите од сите нови членови во периодот на квалификација) **добивате викенд за 2 лица.**

Наградата вклучува 2 ноќевања со полупансион (27 и 28 март 2020) во хотел Изгрев и Бизнис обука на 28 март. Превозот го организирате самостојно и не е обврска на Форевер Ливинг Продактс.

***Наградата НЕ МОЖЕ да се пренесе на друго лице!***

Најдоцна до 1 февруари 2020 година, Сопствениците на Форевер бизнис треба да испратат на мејл: flp@t-home.mk податоци за бодовите и регистрациските броеви на ново-спонзорираните СФБ во својата структура (кои се земаат во предвид за квалификацијата).

Списокот на квалификувани ќе биде објавен на официјалната фејсбук страница Forever Living Products, MK

За подетални информации, обратете сѐ на 02 2465826, 02 2465846, 070236609 или flp@t-home.mk

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СЕПТЕМВРИ 2019 ГОДИНА

## 100 ЗЛАТНИ (100 последователни месеци активност)

Димовски Стевица и Александар
Ѓорѓиеви Николина и Дончe

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Ангеловска Елизабета
2. Арабаџиева Магдалена
3. Арсовска Павлина
4. Атанасова Ѓургица
5. Беличанска Јасмина
6. Билали Ајсел
7. Богданоски Андреј
8. Богојевска Нада
9. Божинов Иван
10. Вангеловска Ирена
11. Василева Цветанка
12. Гиздовски Митко
13. Гочевска Билјана
14. Гордита Катерина
15. Ѓоргиева Атанасова Георгина
16. Денков Емил
17. Димитровска Шкрбиќ Тања
18. Димовска Радица
19. Драскачев Ангелко
20. Ѓошева Нада
21. Јорданов Љупчо
22. Јосифов Тони
23. Јованоска Мери
24. Колашинац Санела
25. Костадинова Лилјана
26. Кузманоска Андријана
27. Луковски Јанко
28. Манева Анита
29. Манева Маријана
30. Маневска Валентина
31. Милановска Ирена
32. Милуновиќ Маја
33. Митев Ѓоко
34. Наумовски Дарко
35. Неџипи Шенќил
36. Николовска Душанка
37. Панчевски Бобан
38. Петровска Емилија
39. Попоска Александра
40. Радојевиќ Маја
41. Реџије Азизи
42. Саити Плава Улифет
43. Савеска Станковска Маја
44. Саздова Темелкова Валентина
45. Спасовска Саздовска Гордана
46. Стојковиќ Јелена
47. Тоневска Тамара
48. Фетаи Мелехате
49. Шишкова Голомеова Ива

## КЛУБ 4

### Клуб 4 – ниво 1

4 CC Level 1

Пејковска Шахпаска Будима

Васов Вангел

### Клуб 4 – ниво 2

4 CC Level 2

Даути Азрета

## ТОП 10

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др.Роза Гелевска
2. Славица Донакова
3. Елена Гелевска
4. Др.Снежана Контра
5. Вера Златковска
6. Блага Крстеска
7. Катерина Трајчевска
8. Слафко Михајловски
9. Стевица Димовска
10. Жарко Георгиевски

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Елена Гелевска
2. Стевица Димовска
3. Др.Роза Гелевска
4. Жарко Георгиевски
5. Вера Златковска
6. Славица Донакова
7. Слаѓана Маџова
8. Фердезе Сулејмани
9. Бејтуле Сулејмани
10. Катерина Трајчевска

## facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**
- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.